ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2022 ГОДИНА

Образложенија кон финансиските извештаи за донаторска сметка SAUDI-FISP
Донација од ВРИ на Саудиска Арабија
Програма 20-Државна ревизија

Скопје, февруари 2023 година

# ВОВЕД

## 1.1. Основање и статус

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, основана со Закон донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди правилно и ефикасно трошење на јавните средства.
Организацијата, надлежностите и работењето се утврдени со Законот за државна ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/10,145/10,158/11,12/14,43/14, 154/15,27/16,83/18 и „Службен весник на РСМ " број 122/21).

## 1.2. Дејност

Државниот завод за ревизија спроведува државна ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија, на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на буџетите на Фондовите, корисниците и единките корисници на средства од буџетите, јавните претпријатија, Народната банка на РСМ, правните лица во кои државата е доминантен акционер, политичките партии финансирани со средства од Буџетот, агенциите и други институции основани со закон, другите институции финансирани од јавни средства и корисниците на средства од Европската унија и други меѓународни институции.

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа која ја донесува главен државен ревизор го утврдува бројот на субјектите кои ќе бидат опфатени со државната ревизија како и видот на ревизиите кои ќе бидат спроведени.

## 1.3. Организациона поставеност

Со Правилникот за внатрешна организација на ДЗР заверен под број 01-803/1 од 28.08.2020 година и Правилникот за систематизација на работни места во Државен завод за ревизија (заверен со архивски број 01-803/1 од 28.08.2020 година и број 01-803/2 од 28.10.2020 година е уредена внатрешната организациска поставеност и работните места во Државниот завод за ревизија

## 1.4. Раководење и управување

Со Државниот завод за ревизија раководи главен државен ревизор.

Главен државен ревизор се избира врз основа на оглас. Главниот државен ревизор го претставува и застапува Државниот завод за ревизија.

Со Државниот завод за ревизија раководи и Заменик главен државен ревизор.

Заменик главниот државен ревизор го заменува главниот државен ревизор во негово отсуство .

Раководни структури во Државниот завод за ревизија се: Помошник главен државен ревизор и генерален секретар.

## Донаторска сметка на ДЗР –SAUDI FISP

General Court od Audit – Saudi FISP во месец август 2022 година има објавено повик за прием на апликации за доделување на грант наменет за подобрување на отпорноста и континуитетот во работењето на Врховните ревизорски институции преку ИКТ решенија[1] за време на Covid–19. Државниот завод за ревизија до General Court od Audit – Saudi FISP, достави барање / апликација за доделување на грант заведен под број 30-1237/1 од 15.08.2022 година, за набавка на 18 лаптоп компјутери и 2 дрона.

Од страна на General Court od Audit – Saudi FISP до Државниот завод за ревизија испратено е известување дека е одобрен грант во износ од 30.000 USD за поддршка на Државниот завод за ревизија за набавка на 18 лаптоп компјутери и 2 дрона, заведено под број 30-1237/2 од 05.12.2022 година. За таа намена доставено е барање за отворање на сметка на буџет на донација број 05-1237/3 од 07.12.2022 година по кое од Секторот за трезор е добиено известување број 05-1237/6 од 20.12.2022 година дека е постапено по истото, односно за предметната намена е отворена сметката 020021504078550 за реализација на грантот.
Во месец декември 2022 година отворена е сметка на буџет на донации број 0200215040 785 50 за реализација на грантот од General Court od Audit – Saudi FISP во износ од 30.000 долари наменет за набавка на информатичката опрема.
За 2022 година нема трансакции на оваа сметка од причини што средствата од одбрениот грант во износ од 30.000 USD се трансферирани во месец јануари 2023 година од ВРИ на Саудиска Арабија на отворената донаторска сметка на ДЗР.

Изработил: Данче Ангеловска
Раководител на одделение за буџетска контрола и плаќања

[1] хардвер, софтвер, интерни мрежи, интернет конекции и сл.